# ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА
## ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА

| **Видови договори** | | **законска казнена камата** | | **договорна казнена камата** | | **договорна камата** | | **кога не е определена стапката** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **за обврска во денари** | **за обврска во девизи** | **за обврска во денари** | **за обврска во девизи** | **за обврска во денари** | **за обврска во девизи** | **за обврска во денари** | **за обврска во девизи** |
| - *трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавното право* | *01.01.- 30.06.* | *13,25%* | *10,018%* | *најмногу до 19,875%* | *најмногу до 15,027%* | *не повисока од 19,875%* | *не повисока од 15,027%* | *6,625%* | *5,009%* |
| - *договори во кои барем едното лице не е трговец односно е физичко лице* | *01.01.- 30.06.* | *11,25%* | *8,018%* | | | *не повисока од 11,25%* | *не повисока од 8,018%* | *3,75%* | *2,673%* |
| - *други видови облигациони односи (причинување штета, работодавство без налог, стекнување без основ, едострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како што е на пример издршката)* | *01.01.- 30.06.* | *11,25%* | *8,018%* | | | | | | |

***Забелешка:*** *Како лица на јавното право се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.*

## ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА

Согласно **член 266-а** од Законот за облигациони односи ("Службен весник на РМ" бр. 18/01...123/13), законската казнена камата се утврдува кога референтната стапка што ја објавува НБРМ на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, ќе се зголеми за **10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за **8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).
Согласно објавата на НБРМ од 29.12.2014 година, референтната стапка за пресметување на казнена камата, за периодот **од 01.01.2015 до 30.06.2015 година изнесува 3,25%.**

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, казнената камата се определува за секое полугодие во висина на едно-месечната стапка на Еурибор за евра што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 10 процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за 8 процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Стапката на Еурибор на 31.12.2014 изнесува 0,018%.

## ДОГОВОРНА КАЗНЕНА КАМАТА

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што важела на денот на склучување на договорот, но максимум до 50% повисока од утврдената законска казнена камата.

## ДОГОВОРНА КАМАТА

Според **член 388** од Законот за облигациони односи, договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата од член 266-а зголемена максимум за 50%. Договорната камата во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

## КОГА НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНА СТАПКАТА

Ако плаќањето на камата е договорено, а не е определена нејзината стапка, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец се применува каматна стапка во висина од 1/3 од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка во висина од 1/2 од стапката на законската казнена камата, за соодветната валута.